**ТЕХНИЧКИ СОСТАНОК НА ГРУПАТА НА РЕВИЗОРИ во Софија, Бугарија, април 2016 година**

На ден 18 април 2016 година, во Софија, Република Бугарија, во просториите на Извршната агенција за ревизија на ЕУ Фондови се одржа технички состанок на Групата ревизори за ИПА Програмата за Прекугранична Соработка Македонија - Бугарија 2007-2013 и ИНТЕРЕГ ИПА Програма за Прекугранична соработка Македонија - Бугарија 2014-2020. Целта на овој состанок беше запознавање со новите листи за проверка кои треба да се применуваат при спроведувањето на ревизијата на операции во 2016 година, запознавање со Ревизорската стратегија 2016-2018 за програмата финансирана со средства од ИПА 2, како и информирање односно ажурирање на податоците во врска со започнатата ревизија за назначување на лицата и процедурите во Националното тело (Министерство за локална самоуправа во Република Македонија) за управување со ИНТЕРЕГ ИПА Програма за Прекугранична соработка Македонија - Бугарија 2014-2020 година.

На состанокот земаа учество претставници од ревизорските тела на Република Бугарија, Република Македонија и Република Турција. Од страна на Ревизорското тело од Република Македонија присуствуваа Главниот ревизор за ИПА, Помошникот на Главниот ревизор за ИПА одговорен за ревизија на програмите за прекугранична соработка, раководител на ревизорска екипа одговорен за ревизија на програмите за прекугранична соработка и член на ревизорската екипа.